ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Бр. 03-258/3
13.12 2024 год.
Општина Аеродром-Скопје

ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК
за забрана и регулирање на користењето на мобилни телефони во училиштето

Врз основа на Одлуката на Советот на родители донесена на ден 12.12.2024 година и Одлуката на Училишниот одбор за прифаќање и спроведување на истата, ООУ„Лазо Ангеловски“ Аеродром, Скопје го донесе следниот:

ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК
за забрана и регулирање на внесување и користење на мобилни телефони од страна на учениците

Член 1

Цел на правилникот

Овој правилник го регулира внесувањето, чувањето и користењето на мобилни телефони и други смарт уреди од страна на учениците, со цел обезбедување безбедна, воспитно-образовна и ненасилна средина.

Член 2

Причини за донесување на правилникот

Правилникот е донесен поради:
– пораст на насилство меѓу учениците;
– злоупотреба на мобилни телефони за несоодветни и незаконски содржини (фотографии, видеа, снимање, исмевање, ширење на сајбер насилство);
– повикување и организирање физички пресметки преку пораки и социјални мрежи;
– нарушување на воспитно-образовниот процес и вниманието на учениците.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Член 3

Забрана за користење мобилни телефони

(1) Учениците од VI–IX одделение не смеат да користат и носат мобилни телефони за време на наставата, одморите и останатите училишни активности во текот на еден училишен ден.

(2) Учениците можат да носат мобилен телефон до училиштето само доколку истиот го предадат во предвидениот безбедносен систем за чување (кутии поставени на влезот од училишниот хол).

Член 4

Постапка за предавање на телефони

(1) На влезот од училиштето се поставуваат кутии, јасно обележани за секое одделение.
(2) Учениците го оставаат својот телефон во кутиите при влез во училиштето.
(3) Дежурниот наставник, домаќинот и техничкото лице ги превземаат кутиите и ги пренесуваат во обезбедена просторија под видео надзор.
(4) Телефоните остануваат заклучени до завршување на наставниот ден.
(5) Наставникот што го реализира последниот час со паралелката ги подига телефоните и ги дели на учениците на излезната врата.

Член 5

Забрана за недозволено внесување телефони

(1) Доколку ученик внесе мобилен телефон во училница или го користи спротивно на одредбите од овој правилник, телефонот ќе му биде веднаш одземен.
(2) Ученикот ќе биде санкциониран согласно Интерниот правилник за наградување, пофалување и изрекување на педагошки мерки.
(3) Училиштето има право одземениот мобилен телефон да го задржи, односно

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

истиот ќе му биде вратен на крајот од учебната година на ученикот или родителот/старателот.

Член 6

Исклучоци

(1) Исклучоци може да се направат за ученици со здравствени потреби, со приложена медицинска документација и со дозвола/барање од родител и стручно-раководната служба.
(2) Наставникот може да дозволи користење на уред само за наставни активности, по претходно одобрение од директорот.

Член 7

Одговорност и санкции

(1) Непочитување на правилникот претставува повреда на училишниот ред.
(2) Воспитните мерки се применуваат согласно важечките интерни акти.
(3) Секој неправилно внесен и одземен телефон се чува до крајот на учебната година.

Член 8

Ступување во сила

Овој правилник стапува на сила на ден 13.12.2024 и се применува од денот на неговото донесување.

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Општина Аеродром-Скопје

Директор
м-р Магдалена Петреска